Согласно член 108 став 4 в.в. член 57 став 1 точка 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/2008; 103/2008; 26/2009; 83/2009; 99/2009; 115/2010; 17/2011; 51/2011; 123/2012; 15/2013; 24/2013 и 41/2014) и член 102 став 3 од Статутот на ЕУРМ, Ректорската управа на ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ - РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Скопје, распишува

# К О Н К У Р С

**за запишување студенти во прва година на прв циклус**
**четиригодишни студии во академската 2014/2015**

## I. БРОЈ НА СТУДЕНТИ КОИ ЌЕ СЕ ЗАПИШУВААТ

Во прва студиска година, во академската 2014/2015 година на **Европскиот универзитет – Република Македонија** на **прв циклус на студии** ќе се запишат вкупно **1750 студенти** на следните факултети, односно студиски програми :

1. **Факултет за економски науки**
2. **Факултет за информатика**
3. **Факултет за правни науки***
4. **Факултет за арт и дизајн**
5. **Факултет за детективи и криминалистика**
6. **Факултет за стоматологија**
7. **Стручни студии за забни техничари на Факултетот за стоматологија**

**Во прва студиска година во академската 2014/2015 година на Европски Универзитет – Република Македонија, на прв циклус на студии ќе се организира и настава која ке се изведува на Англиски јазик и тоа на следните факултети**

1. **Факултет за економски науки**
2. **Факултет за информатика**
3. **Факултет за стоматологија**
4. **Факултет за детективи и криминалистика**
5. **Факултет за правни науки**

## II. УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ

1. Право на запишување во прва година на прв циклус на студии имаат:

- Лица кои положиле државна матура или меѓународна матура.
- Лица кои завршиле четиригодишно средно образование пред учебната 2007/2008 година, а кои не полагале државна матура;
- Лица кои завршиле високо или вишо образование на сродни факултети и виши школи, како и кандидатите кои паралелно студираат сродни факултети, студиски групи или насоки;
- Лица кои завршиле средно образование во странство;
- Лица кои завршиле средно образование на странски јазик во РМ и кои полагале меѓународни испити како замена за матура;
- Ако на конкурсот за запишување студенти на прв циклус универзитетски и стручни студии во првиот уписен рок не се јави доволен број кандидати кои ги исполнуваат условите од ставот 1, право на упис на прв циклус студии можат да имаат и лицата кои положиле училишна матура во гимназиско образование или завршен испит по завршено соодветно стручно средно образование со четиригодишно траење;
- На прв циклус универзитетски студии од областа на уметностите може да се запише лице кое положило државна матура, меѓународна матура или училишна матура во уметничко образование;
- Задолжително познавање англиски јазик за студентите кои наставата ке ја следат на англиски јазик;

2. Кандидатите се запишуваат како редовни/вонредни студенти со самофинансирање на студиите.

## III. РОКОВИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ЗАПИШУВАЊЕ

Пријавувањето и запишувањето на кандидатите на сите единици на Универзитетот, се врши во следните термини:

- **ПРВ УПИСЕН РОК ОД 14.04.2014-30.06.2014 ГОДИНА**
- **ВТОР УПИСЕН РОК ОД 01.07.2014-31.08.2014 ГОДИНА**
- **ТРЕТ УПИСЕН РОК ОД 01.09.2014-14.09.2014 ГОДИНА**

## IV. ПОСТАПКА ЗА КОНКУРИРАЊЕ И ЗАПИШУВАЊЕ

Ректорската управа формира конкурсна комисија која, по секој завршен уписен рок, ќе изврши вреднување на кандидатите и ќе објави прелиминарна листа на која кандидатите можат да поднесат приговор. Приговорите се доставуваат до Ректорската управа на Универзитетот, која 24 часа по објавувањето на прелиминарната листа објавува конечна листа и донесува конечна одлука по приговорот.

Кандидатите при пријавувањето склучуваат Преддоговор за студирање, со претходна уплата на депозит во денарска противвредност од 500 Евра.

Другите давачки (школарина и трошоци за студирање) примениот кандидат, по рангирањето на конечната листа и извршениот упис, ги плаќа согласно Преддоговорот и Договорот за студирање.

**IV/1 УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА КОНКУРИРАЊЕ И ЗАПИШУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ СО ЗАВРШЕНО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО СТРАНСТВО (СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ);**

Странските државјани можат да се запишуваат на сите студиски програми на факултетите цитирани во точка 1 од овој Конкурс и тоа во рамките на вкупниот број на студенти на ниво на ЕУРМ.

Школарината за странските студенти се утврдува со Одлука на управата на ЕУРМ, а начинот и динамиката на плаќање се регулираат со Договорот за студирање.

При пријавувањето кандидатите треба да ги исполнат потребните услови, како и да достават соодветни документи, и тоа:

- Целосно платен депозит;
- 4 фотографии со стандардни димензии за Пасош;
- фотокопија од Решението со кое му се дозволува привремен престој во РМ, издадено од Министерството за внатрешни работи на РМ (*по одобрување на престојот);
- Решение за нострификација на дипломата за завршено средно образование од Министерството за образование и наука на РМ,
- Оригинална диплома за завршено средно образование; (со апостил печат на дипломата за земјите-потписнички на Хашката конвенција, а за останатите печат од МНР) и превод на дипломата од овластен судски преведувач заверен на Нотар;
- Оригинал свидетелства за секоја завршена година и превод на свидетелствата од овластен судски преведувач заверен на Нотар;
- Оригинал извод од матичната книга на родените со превод од овластен судски преведувач заверен на Нотар;
- Оригинал државјанство со превод од овластен судски преведувач заверен на Нотар;
- Фотокопија од важечка патна исправа – Пасош, заверена на Нотар;
- лекарско уверение за општата и психофизичката здравствена состојба на апликантот, издадено од овластено медицинско лице преведена на македонски јазик и со уредна нотарска заверка, (HIV и HEPATITIS C статус) не постара од 6 месеци;
- Сертификат, потврда или диплома за познавање на англиски јазик за студентите кои ќе изберат студиска програма која се спроведува на англиски јазик, односно потврда за познавање на македонски јазик за студентите кои ќе студираат на македонски јазик;
- и други документи во случај на потреба и по барање на Универзитетот, во зависност од специфичноста на конкретен случај;

Странските студенти кои ќе се аплицираат за упис на прв циклус на студии на ЕУРМ како вонредни студенти, освен документите наведени во предходниот став, потребно е да достават и доказ за засновање на работен однос, односно доказ за постојан ангажман во матичната или друга странска земја, како потврда за спреченоста на кандидатот да се запише како редовен студент.

**(Други информации за начинот, условите и постапката за аплицирањето при упис на странски државјани, ќе бидат објавени на веб сајтот на ЕУРМ: www.eurm.edu.mk)**

## V. ДОКУМЕНТИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ЗАПИШУВАЊЕ

При пријавувањето за запишување на единиците на ЕУРМ, кандидатите поднесуваат следните документи:

- Свидетелства за сите четири години од средното образование;
- Диплома за положена државна матура;
- Уверение за државјанство;
- Извод од матична книга на родените;
- Лекарско уверение (само за кандидатите кои конкурираат за упис на факултетот за детективи и криминалистика).

Документите за упис се доставуваат во Службата за студентски прашања на ЕУРМ, и тоа веднаш по добивањето на диплома за положен матурски испит.

Кандидатите кои се стекнале со средно образование во странство, потребно е достават нострифицирана диплома/свидетелство за завршено средно образование.

Документите се доставуваат секој ден од понеделник до сабота од 08:00 до 20:00 часот, во просториите на ЕУРМ во Скопје на бул.Св.Климент Охридски бр.68.

## VI. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА СТУДИИТЕ

Времетраењето на студиите од прв циклус, согласно Болоњската конвенција и решенијата за акредитација на студиските програми на единиците при ЕУРМ, изнесува четири академски години, освен на Факултетот за стоматологија за кој е предвидено времетраењето на студиите да изнесува пет академски години.

## VII. МЕСТО НА ИЗВЕДУВАЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ

Предвидените студиски програми на факултетите во рамките на ЕУРМ, ке се изведуваат на Универзитетот во Скопје, на следната адреса :

- Бул. Св. Климент Охридски бр. 68 Скопје

За поопширни информации посетете го сајтот: **www.eurm.edu.mk**

* НАПОМЕНА : За студиската програма на Факултетот за правни науки, усогласена со чл.24 од Законот за изменување и дополнување на законот за високото образование („Сл.Весник на РМ“ бр.15 од 25.01.2013 година), за која е добиено решение за акредитација од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, и тоа : студиска програма Додипломски правни студии прв циклус тригодишни – Решение за акредитација бр.15-24/3 од 04.04.2014, ќе се измени, дополни и усогласи овој конкурс за упис на студенти на I циклус студии на Факултетот за правни науки во академската 2014/2015 година, веднаш по добивањето на Решение за исполнетост на условите (почеток со работа) на студиската програма од страна на МОН, а во согласност со обрската пропишана со член 49 од Законот за изменување и дополнување на законот за високото образование („Сл.Весник на РМ“ бр.15 од 25.01.2013 година), за задолжителна примена на пропишаните студиски програми за правни студии, почнувајќи од академската 2014/2015 година.